SERICOL

Техничко упатство

MultiTran XM

Бои за сито-печат

ПРИМЕНА

MultiTran XM е повеќенаменски пластисол систем за трансфер на бои. Им овозможува на печатарите да ги извршат трите основни вида на печатење: **пренесување на ладно, покривно пренесување на топло и транспарентно пренесување на топло**.

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Сушење	- сушењето на отисоците на хартија мора да е термичко;
- Разредување и чистење	- ако е потребно бојата се разредувадо 5% со течен разредувач ZE-591; - за чистење на сита се користи SeriWash Universal Screen Wash течност, ZS-640 Tursub или Actisol Superjet Screen Spray;
- Сито	- за топли покривни отисоци, сито број 21-29; - за топли транспарентни отисоци, сито број 34-62 - за отисоци со пренесување на ладно (без задната покривна боја), сито број 21-62; - за отисоци со пренесување на ладно (со задната покривна боја), сито број 62-90;
- Шаблон	- погодни се многу големини на шаблони кои се отпорни на растворувачи - се препорачува Dirasol 915;
- Покривност	- 8-10 m²/lit, при користење на монофилно сито бр. 21; - 14-18 m²/lit, при користење на монофилно сито бр. 62; - 26-30 m²/lit, при користење на монофилно сито бр. 90;
- Примена	- маици, поткошули, спортска и модна облека, модни детали и додатоци, играчки;
- Материјали за печатење	- памук, мешавина памук/полиестер, разни видови синтетички материјали;
- Скала на бои	- 22 нијанси, вклучувајќи ги основните бои од Super QM Colour Mixing System;
- Својства	- повеќенаменско користење: за отисоци со пренесување на топло и ладно. Исклучителна покривност и мекост. Дава можност за многу добри провидни отисоци. Извонредна отпорност на перење.

ВАЖНО: Боите добро да се измешаат пред употреба. MultiTran XM трансфер системот е погоден за користење кај повеќето природни и синтетички материјали отпорни на топлина. Корисниците на овој систем на бои претходно мора да проверат дали карактеристиките на овие бои се погодни за одредениот вид на текстил кој ќ е го користат.

ПЕЧАТЕЊЕ

Повеќебојните отисоци се прават со печатење, со поедино подесување на секоја боја.

Подесување на температурата:

- млаз на воздух со температура од 90-110°C, во траење 25-30 секунди;
- инфрацрвен грејач или конвекторска печка со температура од 90-110°C, во траење од 10-15 секунди.

Посебно внимание треба да се обрне за да се избегне претерано сушење на боите кои се печатат први по редослед.

Во продолжение се дадени детали за сите три споменати видови на пресликување.

ПОКРИВНИ ОТИСОЦИ НА ТОПЛО

Бојата се употребува во состојба на испорака, не се разредува. Успехот на печатењето зависи од постигнувањето на одредена дебелина на слојот боја, со што би се постигнала максимална покривност. Иако препорачаното сито број 21 би требало да ја обезбеди таа дебелина, прифатливост на конечниот резултат на печатењето може да се осигура или со утврдување на квалитетот на пренесување на секоја боја поединечно, или со мерење на дебелината на исушениот слој на боја. Најдобро резултати би требало да даде слојот со дебелина од најмалку 150 микрони (μм).

- преносна хартија - се препорачува TR - C 11 Soft - Trans Paper (HS);
- редослед на трансферите - 180-190°C, во траење од 5-10 секунди. Притисокот треба да се подеси на средна вредност, а хартијата се тргнува веднаш, додека е топла, за да резултатот биде оптимален.

ТРАНСПАРЕНТНИ ОТИСОЦИ НА ТОПЛО

Најдобри резултати се постигнуваат со додавање на 10-15% XM-391 Transparent Split Additive. Со ова се подобруваат карактеристиките на тенкиот симнат слој на боја, добиен со печатење низ препорачаните сита број34-62.

- преносна хартија - се препорачува TR - C 11 Soft - Trans Paper (HS);
- редослед на трансферите - 180-190°C, во траење од 15-20 секунди. Притисокот треба да се подеси на средна до висока вредност, а хартијата се тргнува веднаш, додека е топла, за да резултатот биде оптимален

ОТИСОЦИ НА ЛАДНО

Бојата се користи во состојба на испорака и да се печати низ сито број 21-62. Поситните сита (до број 90) исто така може да се користат, но во такви случаи може да биде неопходна последната покривна боја, со што би се постигнала бараната непровидност/издржливост на бојата.

- преносна хартија - се препорачува TR - B08, TR - W28 или TR - N39/40 Transfer Paper;
- редослед на трансферите - 170-190°C, во траење од 10-15 секунди. Притисокот треба да се подеси на средна до висока вредност, а хартијата треба да се олади сосема пред да се симне

Температурата при пренесувањето на бојата може да се намали на 130°C доколку се изврши препечатување со XM-451 или XM-452 Printable Adhesives (види "Printable Adhesives" - "Печатарски адхезиви" во поглавјето "Specialty Products" - "Специјални производи").

ПОСТОЈАНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Отисоците направени според претходно опишаната постапка имаат добра отпорност на перење, според ISO тестовите бр. 1 (40°C), бр. 2 (50°C) и бр. 3 (60°C), како и според Британската препорака бр. 3 (60°C). Печатените места може да се пеглаат од внатрешната страна со пегла наместена на минимум, или преку крпа.

Печатените места не се отпорни на хемиско чистење и ова мора да се истакне на видно место на самата облека, на етикета или на декларацијата.

СПЕЦИЈАЛНИ ПРОИЗВОДИ

Последна покривна бела лито-боја

XM-011 е бела боја специјално наменета за употреба како последна покривна боја кај лито-печатените отисоци. За оваа намена се препорачува преносна хартија TR - B 08 (CP). За постигнување на соодветна дебелина на слојот на боја се препорачува сито бр. 21-29. Загревањето се дотерува на температура од 90-110°C, во траење од 25-30 секунди, а отисокот се прави на температура од 180-190°C, во траење од 15-20 секунди. Хартијата се остава сосема да се олади пред да се отстрани.

Бојата XM-011 е отпорна на перење на температура до 60°C, а компатибилноста со лито-бојата мора да се провери пред употребата.

Трихроматски отисоци

За трихроматски отисоци на топло се препорачува мека преносна хартија TR - C 11 (HS). Основниот слој на боја XM-396 Trichromatic Extender Base треба да се печати на сито бр. 62. Преку исушената основна боја се врши препечатување со три трихроматски бои, плус стандардната XM-001 боја, со користење на сито бр. 90-110. Загревањето се дотерува на температура од 90-110°C, а отисокот се прави на температура од 180-190°C, во траење од 15-20 секунди. Хартијата се отстранува веднаш (додека е топла). Вака добиените отисоци имаат добра отпорност на перење до температура од 40°C.

Експандирачки отисоци

MultiTran XM боите може да се користат и за изработка на експандирачки отисоци:

На XM бојата се додава 20-50% XM-417 Expanding Base и внимателно се измешува. Мешавината се печати на мека преносна хартија TR - C 11 Soft -Trans Paper (HS), се посипува адхезивна прав XM-378 Transfer Adhesive Powder на влажната површина на печатената боја. Вишокот прав се отстранува, останатото се загрева на 90-110°C за време од 15-20 секунди. Трансферот се прави на температура од 180-190°C, во траење од 3-5 секунди при мал притисок и хартијата веднаш се отстранува. Експандирачките отисоци се помалку отпорни на истегнување од останатите видови отисоци добиени со МултиТран бои и отпорни се на перење до температура од 40°C.

Глитер отисоци

Осум глитер бои можат да се добијат со мешање на глитер прав MP Glitter Powder со транспарентната глитер база XM-397 Transparent Glitter Base во следните односи:

- XM-397 Transparent Glitter Base..... 85 тежински делови
- MP Glitter Powder ..... 15 тежински делови

Мешавината се печати на преносна хартија TR - N 39/40 Transprint O Transfer Paper на монофилно сито бр. 10,5, со загревање на 90-110°C, а отисокот се прави на температура од 180-190°C, во траење од 10-15 секунди.

Лепила (адхезиви) погодни за печатење

- XM-451 White Adhesive (бел) и XM-452 Clear Adhesive (безбоен)

Семејството MultiTran XM бои содржи и два адхезива кои може да се користат како последна покривна боја на било која од MultiTran XM боите, заради зголемената адхезија (прилепување) на многу подлоги, вклучувајќи и синтетички материјали. Покрај тоа, со употребата на XM-451 и XM-452 се смалуваат температурните барања при правење на отисоци на температура од само 130°C. Најдобри резултати се постигнуваат со печатење прво на XM бојата при соодветна температура (која е дефинирана погоре), а потоа со препечатување со XM-451/452 на сито бр. 21-62. Адхезивниот слој мора исто така да биде загреан на температура од 90-110°C, во траење од 30-60 секунди.

Печатениот отисок е еластичен и отпорен е на гребнатинки, а може да се става и на еластични материјали, вклучувајќи многу видови на ликра. XM-451/452 може да се користи и како последна покривна боја кај изработката на транспарентни отисоци на топло, при што, меѓутоа, доаѓа до извесно смалување на цврстината на бојата.

ПРЕНОСНА ХАРТИЈА

Изборот на преносна хартија за користење со MultiTran XM боите е клучен елемент за постигнување на оптимални резултати. Овде е наведена листа од стандардни видови на преносна хартија кои можат да се набават и препораки за нивната употреба.

TR - W 28 Silicone Treated Vegetable Parchment

Силиконски обработена растителна хартија што личи на кожа - се користи за изработка на вообичаени отисоци на ладно.

TR - C 11 Soft - Trans Paper (HS)

Мека преносна хартија - се користи за изработка на отисоци на топло со Plastisol боите. Soft - Trans хартијата не е слободно пресвлечена, туку поседува специјална леплива маса вградена за време на изработката на хартијата, како би се обезбедило соодветно задржување на бојата. Ова овозможува регуларно и лесно одвојување на слојот на боја кога се отстранува преносната хартија на топло, а исто така го смалува на минимум поместувањето на пластификаторот, со што се продолжува векот на употреба на хартијата.

TR - B 08 T 75 Transfer Paper (CP)

75-грамска силиконизирана хартија која се користи за изработка на отисоци на ладно и за изработка на лито-печатени отисоци.

TR - B 20/TR - D 16 Transfer Paper (CP)

105-грамска силиконизирана хартија која се користи за изработка на лито-печатени отисоци.

TR - N 39/40 Transprint O

Специјална хартија која дава отисоци со извонредно висок површински сјај.

СКАЛА НА БОИ

МултиТран XM боите можат да се испорачаат во 22 нијанси, кои меѓусебе можат неограничено да се мешаат и кои не содржат олово. Во оваа скала се наоѓаат и 13 основни бои, потребни да се примени Super QM Colour Mixing System (Super QM систем за мешање на бои).

XM-381 Opaque Extender Base може да се користи за намалување на интензитетот на бојата, без да се намали покривноста.

SUPER QM СИСТЕМ ЗА МЕШАЊЕ НА БОИ (SUPER QM MIXING SYSTEM)

Super QM Colour Mixing System е едноставен и погоден начин за печатарите да направат 204 различни нијанси од само 13 основни бои. Системот содржи и Прирачник за боите, во кој се дадени едноставни упатства за одмерување и мешање на боите за постигнување на сите можни нијанси.

СТАНДАРДНИ БОИ
MultiTran XM

XM-001	*	Black	Црна
XM-021	*	White	Бела
XM-011		Litho Back-Up White	Последна покривна бела лито-боја
XM-042	*	Light Chrome	Светла хром-жолта
XM-043	*	Mid Chrome	Средна хром-жолта
XM-101	*	Light Orange	Светла портокалова
XM-162	*	LIght Red	Светла црвена
XM-134	*	Red	Црвена
XM-124	*	Deep Red	Темно црвена
XM-154	*	Fuchsia	Фуксија
XM-127	*	Deep Violet	Темно виолетова
XM-227	*	Light Blue	Светло сина
XM-212	*	Blue	Сина
XM-320	*	Green	Зелена
XM-381		Extender Base (Opaque)	Покривна база

XM-391	Transparent Split Additive	Транспарентен адитив
XM-419	Expanding Base	Експандер база
XM-077	Fluorescent Yellow L	Флуоресцентна жолта Л
XM-119	Fluorescent Orange M	Флуоресцентна портокалова М
XM-179	Fluorescent Red M	Флуоресцентна црвена М
XM-180	Fluorescent Magenta M	Флуоресцентна магента М
XM-294	Fluorescent Green M	Флуоресцентна зелена М
XM-052	Trichromatic Yellow	Трихроматска жолта
XM-215	Trichromatic Cyan	Трихроматска цијан
XM-135	Trichromatic Magenta	Трихроматска магента
XM-396	Trichromatic Extender Base	Трихроматска база
XM-397	Transparent Glitter Base	Транспарентна глитер база
XM-451	White Adhesive	Бел адхезив
XM-452	Clear Adhesive	Безбоен адхезив

Сите горенаведени бои се испорачуваат во пакување од 5 литри.

Боите означенио со (*) се Super QM основни бои.

XM-378	Transfer Adhesive Powder	Трансфер адхезивен прашок

Овој адхезивен прашок се испорачува во пакување од 1 кг.

ГЛИТЕР ПРАШОК

MP-474	Glitter Silver	Глитер сребрен прашок
MP-473	Glitter Gold	Глитер златен прашок

Глитер прашокот се испорачува во пакување од 1 кг.

РАЗРЕДУВАЧ

ZE-591	Plastisol Flow Thinner	Пластисол течен разредувач

Разредувачот се испорачува во пакување од 5 л. и од 1 л.

ПРЕНОСНА ХАРТИЈА

Ознака	Име на хартијата	Димензии (мм)	Пакување (листови)
TR-W 28	Silicone Treated Vegetable Parchment	700 x 1000	250
TR-C 11	Soft-Trans Paper (HS)	787 x 1040	1000
TR-C 22	Soft-Trans Paper (HS)	787 x 1040	500
TR-B 08	T 75 Transfer Paper (CP)	700 x 1000	250
TR-B 20	T 105 Transfer Paper (CP)	700 x 1000	250
TR-D 16	T 105 Transfer Paper (CP)	850 x 1000	250
TR-N 39	Transprint O	630 x 965	1000
TR-N 40	Transprint O	630 x 965	100

БЕЗБЕДНОСТ И РАКУВАЊЕ

МултиТран XM боите:

- составени се така да не содржат никакви отровни, канцерогени ниту мутогени хемикалии;
- немаат точка на палење и не подлежат на прописите за високо запаливи тености;
- не содржат олово и други тешки метали во согласност со Европскиот Стандард EN 71-3:1988;
- треба да се складираат и чуваат подалеку од извори на топлина.

Детални и потполни информации за безбедноста и ракувањето со МултиТран XM

боите за сито-печат дадени се во соодветниот прирачник "Sericol Safety Data Sheet", кој се испорачува на барање.

ИНФОРМАЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ОКОЛИНАТА

МултиТран ХМ боите:

- не содржат тешки метали;
- не содржат хемикалии кои го оштетуваат озонската обвивка на Земјата, како што е дефинирано со Монтреалската Конвенција;
- не содржат ароматични јагленоводороди кои имаат штетно дејство на околината;
- не содржат никакви испарливи растворувачи и според тоа се еколошки чисти, за разлика од производите изработени на база на растворувачи.

Упатствата и советите дадени во оваа техничка информација како и останатите стручни совети кои ви ги даваат нашите претставници, усмено или писмено, се базирани на современите научни сознаија и по наше уверение се точни. Меѓутоа, не можеме да гарантираме за нивната потполна прецизност бидејќи е невозможно секоја примена на нашите производи да биде предвидена, односно опишана, бидејќи производните постапки, печатарските и други материјали постојано се менуваат. Тоа е причината зошто нашите производи ги продаваме без гаранција и под услови корисниците на основа на своите сопствени испитувања односно проби, да се уверат дали одговараат на барањата. Политиката на постојано усовршување на нашите производи прави одредените информации да бидат застарени, па затоа ве молиме постојано да ги следите новите соопштенија.

С И Т О Г Р А Ф И К А
1000 Скопје - ул. Јордан Мијалков бр.32 лок.2
тел/факс: +389 (0)2 3131-023 ; 3225-903
e-mail: info@sitografika.com.mk